РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - РЕПУБЛИКА Е МАКЕДОНИЈЕ СЕВЕРНИТ
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр. 03-371/14
05.03.2025 год.
JEГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Друштво за градежништво,производство,
трговија и услуги
ПАЈОЦИ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 01/25
05.03.2025 год.
с.Прељубиште-Јегуновце

Д О Г О В О Р ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА РАБОТИ
за **Изградба на трибина во с. Јегуновце**

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ДОГОВОРЕН ОРГАН: ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ застапувана од Градоначалникот на општина Јегуновце, Димитар Костадиноски и
2. НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: Друштво за градежништво,производство,трговија и услуги ПАЈОЦИ ДООЕЛ експорт-импорт с.Прељубиште-Јегуновце застапувано од управителот, Дарко Ѓорѓевски.

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорените страни во врска за **Изградба на трибина во с. Јегуновце**, согласно Одлуката (Решението) за јавна набавка број 05-371/2 од 17.02.2025 година и по спроведена Постапка од Мала вредност со оглас бр. 02325/2025.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор е набавка на работи " **Изградба на трибина во с. Јегуновце** ", по пат на Постапка од Мала вредност со оглас бр. 02325/2025објавен преку ЕСЈН.

Прифатената понуда и предмер пресметката со намалени цени по одржана е-аукција е составен дел на овој договор.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Носителот на набавката, работите наведени во член 2 од овој договор, за **Изградба на трибина во с. Јегуновце**, ќе ги изведе за вкупна вредност без ДДВ од **645.936,00**денари.

Единечните цени од прифатената понуда, се фиксни и непроменливи по било кој основ.

Описот на работата за **Изградба на трибина во с. Јегуновце** е утврден во прифатената понуда која е составен дел на овој Договор.

Договорните страни се согласни дека евантуалните промени на цените на пазарот нема да влијаат на вредноста на овој Договор.

НАЧИН НА ПЛАКАЊЕ

Член 4

Плаќањето на договорените работи ќе се врши преку потпишани и заверени времени ситуации или преку потпишана и заверена завршна ситуација, градежна книга и градежен дневник, од страна на овластено лице од Носителот на набавката и

Надзорниот инженер, доставени до архивата на Договорниот орган по стварно извршена работа, во рок до 60 (шеесет) дена.

НАЧИН И РОК ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 5

Носителот на набавката е должен да го изведи предвидените работи во рок од 3 месеци од денот на воведување во работа.

Ако Носителот на набавката не ги започне работите веднаш по воведувањето во работата орган ќе му остави дополнителен рок од 2 дена за започнување на работите.

Ако Носителот на набавката ниту во рок од став 2 на овој член, не започне со изведување на работите, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара од Носителот на набавката надомест на штета.

Налогот може да биде даден во писмена форма испратена преку пошта или мејл , во итни случаи може да биде даден и во форма на телефонски повик или по смс порака (за што дополнително во рок од 2 дена ќе му биде даден и писмен налог).

Налогот даден во форма на телефонски повик се смета за уредно даден кога за упатувањето на истиот постои запис во телефонот на лицето овластено од страна на Договорниот орган за давање на ваков вид на налог.

Носителот на набавката се обврзува веднаш по излегувањето на самото место да ја изврши работата без одлагање. во целост и без прекин.

Налогот за вршење на работите даден во итни случаи и по СМС порака се смета дека е даден во моментот кога Носителот на набавката пораката ја испратил. Во случај на доцнење со извршувањето на работите предметот на овој Договор од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Во случај Носителот на набавката да не ги извршува работите во рокот наведен во писмениот налог истиот е согласен на Договорниот орган да му плаќа пенали во износ од 2 промили од вредноста на прифатената понуда за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на прифатената понуда.

Член 6

Носителот на набавката ако изведувањето на работите сака да им го отстапи на двајца или поголем број на подизведувачи на ист објект. должен е да го извести и да побара одобрување од Договорниот орган согласно член 118 од Законот за јавните набавки.

Доколку Договорниот орган го одобри подизведувачот/ите должен е да ја координира работата на тие подизведувачи во поглед на роковите за извршување на тие работи.

Член 7

Носителот на набавката е должен работите на овој Договорот да ги врши совесно и квалитетно според описот и природата на работата, во согласност со нормативите и стандардите за овој вид на работа, да постапува според упатствата на лицата овластени

за надзор над извршувањето на работите и да ги спроведува непосредните барања на Договорниот орган.

Член 8

Носителот на набавката има право да бара продолжување на рокот за изведувањена работите | во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Договорниот орган бил спречен да ги изведува работите.

Како причини, поради кои, во смисла на став 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:

1) природни настани (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено годишното време и за местото на кое се изведуваат работите и сл);
2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;
3) задоцнување на воведувањето на Носителот на набавката во работата;
4) непредвидените работи за кои Носителот на набавката при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се изведат и
5) вишоци на работите над 10 % од договорените количества на работите.

Член 9

Носителот на набавката е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Договорниот орган штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

НАДЗОР

Член 10

Договорниот орган има право да врши надзор на изградба над работите на Носителот на набавката заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалните и опремата и на предвидените рокови.

Надзор над вршењето на работите од овој договор врши лице овластено од Договорниот орган (надзорен орган).

Надзорниот орган полноважно го застапува Договорниот орган пред Носителот на набавката, во рамките на договорот склучен помеѓу него и Договорниот орган.

Наодот на надзорниот орган се впишува во градежниот дневник.

Надзорниот орган ги заверува градежните книги и испоставените ситуации.

Лицето определено да врши надзор од страна на Договорниот орган е задолжено:

-да врши проверка дали изградбата се врши согласно со позитивните законски прописи,

-да врши контрола над квалитетот на изведбата и контрола над исполнување на рокот на изведбата,

- без одлагање да го запознае Договорниот орган за сите недостатоци, односно неправилности кои ќе ги воочи во текот на изградбата и истите да ги забележи во градежниот дневник,
- да ја следи изградбата и да врши прием на изведените работи преку градежниот дневник и градежната книга и
- да состави завршен извештај за извршениот надзор.

Трошоците за извршениот надзор ги сноси Договорниот орган.

ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 11

Носителот на набавката гарантира дека изведените работи во времето на примопредавањето се во согласност со договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат мани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или нивната подобност за рededовна употреба односно, за употребата определена со договорот.

Договорниот орган е должен за забележаните недостатоци да го извести Носителот на набавката без одлагање.

Член 12

Гарантинот рок за квалитетот на изведените работи изнесува 5 (пет) години.

Член 13

Гарантниот рок започнува да тече од примопредавањето на објектот или на дел од објектот на кој се изведени работите, а ако користењето на објектот или на дел од објектот започнало пред примопредавањето - од почетокот на користењето.

Член 14

Носителот на набавката е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостататоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок, а кои настапиле поради тоа што Носителот на набавката не се држел кон своите обврски во поглед на квалитетот на работите и материјалите

Договорниот орган ќе му определи на Носителот на набавката примерен рок од 15 дена за отстранување на недостатокот.

Договорниот орган има право и на надомест на штета по основ на став 1 и 2 на овој член.

Член 15

Ако Носителот на набавката не ги отстрани недостатоците во рокот што Договорниот орган ќе му го определи, Договорниот орган може да ги отстрани недостатоците на сметка на Носителот набавката, со што е должен да постапува како добар стопанственик.

ГРАДЕЖЕН ДНЕВНИК И ГРАДЕЖНА КНИГА

Член 16

Носителот на набавката е должен во текот на изведбата уредно да ги води градежниот дневник и градежната книга, во која се внесуваат податоците за видот и количините на извршените работи и отстапувања по техничката документација, кои се одредени со важечките стандарди и прописи за градба на РСМ и со одредбите на овој договор.

Реалните количини ќе се утврдат во градежниот дневник и градежната книга потврдени и одобрени од Надзорниот орган.

Конечната вредност на секој конкретен објект ќе се утврди согласно реалните количини утврдени во градежната книга.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ И ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 17

Договорниот орган има право да го раскине договорот поради неисполнување на Носителот на набавката, а особено:

-доколку Носителот на набавката не започне веднаш по добиениот налог со извршување на работите и не ги изврши работите во вообичаениот рок за вршење на ваков вид на работа и согласно пропишаниот начин изведување на градежни работи;

-доколку Носителот на набавката започне со работа по добиениот Налог за работа и во текот на извршување на работата без причина запре при извршување на работите;

-доколку Носителот на набавката не ги исполнува обврските од член 5 и 7 на овој договор;

-доколку во текот на вршење на работите предмет на овој договор, Договорниог орган утврди дека работите се вршат неквалитетно.

Договорниот орган, по констатирањето на настапувањето на некоја од причините за раскинување на договорот, писмено ќе го предупреди Носителот на набавката во оставен рок од 3 дена да ја отстрани причината.

Носителот на набавката е должен во дополнителниот рок од 3 дена да ја отстрани причината односно да ја изврши бараната работа и да постапи согласно белешките на Договорниот орган дадени во писмено известување. Доколку носителот на набавката во дополнително оставениот рок не ја отстрани причината за раскинување, Договорниот орган може да го раскине договоот со проста изјава за раскинување на договорот. Договорниот орган раскинувањето на договорот, писмено ќе му го соопшти на Носителот на набавката. За ден на раскинување на договорот се смета денот кога писмената изјава за раскинување на договорот е уредно доставена до Носителот на набавката согласно член 21 од овој договор.

Во случај на раскинување на договорот поради причините наведени во став 1 на овој член, Носителот на набавката е должен да му плати на Договорниот орган договорна казна во износ од 20% од вкупната вредност на Договорот.

Во случај ако штетата што ќе ја претрпи Договорниот орган заради раскинување на договорот е поголема од договорната казна од став 4 на овој член, Носителот на набавката има обврска да му ја надомести на Договорниот орган разликата до целосниот надомест на штетата.

ВИША СИЛА

Член 18

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна биде одговорна кон друга за загуба, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони окноси.

Договорните страни се обврзуваат писмено во рок од 24 часа да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорноДоговорниот орган и

ЈАЗИК И ПИСМО НА ДОГОВОРОТ

Член 19

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Договорот стапува во сила веднаш по неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

Носителот на набавката има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 5 дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на Договорниот орган.

Член 21

Договорните страни се согласни дека сите дописи (известувања, изјави, барања, согласности одобрувања и друго) треба да бидат во писмена форма.

Договорните страни се согласни доставувањето на сите дописи во врска со овој договор да се сметаат за уредни ако се извршени во архивата на договорните страни или по пошта со препорачана пратка на следниве адреси:

- За Договорниот орган-општина Јегуновце, с.Јегуновце, 1215 Јегуновце и за
- Носителот на набавката: Друштво за градежништво,производство,трговија и услуги ПАЈОЦИ ДООЕЛ експорт-импорт с.Прељубиште-Јегуновце, ул. с.Прељубиште.

Договорните страни се согласни, доколку го променат живеалиштето- седиштето или доколку престојуваат надвор од своето живеалиште, за промената на живеалиштето-седиштето во рок од 3 дена од извршената промена да ја известат по пошта со препорачана пратка или лично известување. другата договорна страна, а во спротивно ќе се смета дека доставата е уредно извршена доколку е направен обид писмената да се предадат на наведените адреси во став 1 на овој член, а договорните страни нема да бидат пронајдени на наведените адреси.

Доставата ќе се смета дека е уредно извршена доколку Носителот на набавката го одбие приемот на писмената.

Член 22

Во случај да настанат околности за раскинување на договорот Договорниот орган ќе го извести Носителот на набавката за раскинувањето на договорот согласно член 21 од овој договор.

Доколку дојде до раскинување на договорот Договорниот орган има право да склучи договор со следниот рангиран понудувач.

Член 23

Овој Договор може да се менува во текот на негова важност согласно член 119 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник бр.24/2019 и Службен весник на РСМ бр.87/2021 и 14/2025).

Член 24

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки, Закон за градење и позитивните прописи.

Член 25

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решаваат спогодбено, ќе ги решава Основниот суд Тетово.

Член 26

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
ПАЈОЦИ ДООЕЛ
Управител
Дарко Ѓорѓевски

Составен дел на овој Договор е:
а) Понудата на Носителот на набавката на работа

НАБАВКАТА НЕ Е ДЕЛИВА. ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР ТРЕБА ДА ПОНУДИ ЦЕНА ЗА СЕКОЈА ПОЗИЦИЈА ОД СПЕЦИФИКАЦИЈАТА, ВО СПРОТИВНО НЕГОВАТА ПОНУДА ЌЕ СЕ СМЕТА ЗА НЕКОМПЛЕТНА И ИСТАТА ЌЕ БИДЕ ОТФРЛЕНА

ИЗГРАДБА НА ТРИБИНА ВО С. ЈЕГУНОВЦЕ

1. припремни работи					
бр.	**опис на позиција**	**мерка**	**количина**	**ед. цена**	**вкупно**
1,10	Исколчување на објектот и изработка на профили	m^2	54,00	100,00	5400,00
1,20	Машински ископ со рачен докоп на темелни јами со потребни предработи ,на длабочина од 0,8 м од кота на терен со утовар и транспортна материјалот до депонија од 10 км.	m^3	8,00	700,00	5600,00
1,30	Насипување , разастирање и планирање со валирање на слој со дебелина од 15 цм.на гранулат со 4 фракции за земјен јастук	m^2	9,00	500,00	4500,00
1,40	Затрпавање на темели со гранулат со набивање	m^3	3,00	1000,00	3000,00
		вкупно припремни работи			**18500,00**

2. бетонски и армирано бетонски работи					
бр.	**опис на позиција**	**мерка**	**количина**	**ед. цена**	**вкупно**
2,1	Шаловање и бетонирање на армирано бетонски темели 0,4x0,6x1,20 ком. 10 со потребни предработи во МБ 30 со машински спремен бетон и уградување со первибрирање со потребна нега на бетонот согласно прописите по ПБАБ.Во темелот се поставени 6 шипки ф14мм и узенгии ф8мм на 15см	m^3	2,88	9000,00	25920,00
2,2	Шаловање и бетонирање на армирано бетонски зид со дим. 0.30x1,18 со променлива висина по проектна документација ком. 7 со потребни предработи во МБ 30 со машински спремен бетон и уградување со первибрирање со потребна нега на бетонот согласно прописите по ПБАБ.	m^3	4,25	9000,00	38250,00

2,3	/ 1 ком. со дим. 0,20x0,7x45,3 м. И 0,20x0,5x45,30 м. со потребни припремни работи во натур бетон мазна оплата со МБ 35 согласно прописите ПБАБ. Во плочите се поставени во горна и долна зона арматура ф12мм на 15см во двата правци	m^3	10,9	9000,00	98100,00
2,4	Шаловање и бетонирање на армирано затезна греда 0,20x0,40x45,30 м со потребни предработи во МБ 30 со машински спремен бетон и уградување со первибрирање со потребна нега на бетонот согласно прописите по ПБАБ. Во гредата се поставени 8 шипки ф12мм и узенгии ф8мм на 15см	m^3	3,6	9000,00	32400,00
		вкупно бетонски работи			**194670,00**

3. армирачки работи					
бр.	**опис на позиција**	**мерка**	**количина**	**ед. цена**	**вкупно**
3,1	Набавка, изработка, транспорт и монтажа на арматурно железо по Ф				
	Ф14 РА 400/500-2	парче/12м´	136,00	950	129200
	Ф12 РА 400/500-2	парче/12м´	105,00	750	78750
	Ф8 РА 240/360	парче/12м´	180,00	600	108000
		вкупно армирачки работи			**315950,00**

4. разни работи					
бр.	**опис на позиција**	**мерка**	**количина**	**ед. цена**	**вкупно**
4,1	Изработка и монтажа на ограда на трибина по детаљ од проект со дебелосиден црн профил 50/50мм за столбчиња и дебелосиден црн профил со антикорозивен премаз и два премази со лак	m	155,00	700	108500
4,2	Изработка и монтажа на ограда на трибина по детаљ од проект со дебелосиден црн профил 30/30мм за хоризонтали со антикорозивен премаз и два премази со лак	m	23,10	360	8316
		вкупно разни работи раб.			**116816,00**

р е к а п и т у л а р		
1	припремни работи	18500,00
2	бетонски и армирано бетонски работи	194670,00
3	армирачки работи	315950,00
4	разни работи	116816,00
	в к у п н о	**645936,00**
	ДДВ	0,00
	с е в к у п н о	**645936,00**

УПРАВИТЕЛ*

** ставете електронски потпис*